Врз основа на член 5 од Статутот на конвивиум, Националниот совет на „Слоу Фуд Македонија“ на седница одржана на ден 11.05.2025 година го донесе, а на 10.05.2026 го измени следниот

ПРАВИЛНИК ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО НА НАСТАНИ

Со овој Правилник се уредуваат критериумите за организирање и учество на настани, изворите на финансирање, користењето на опрема и простор.

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се уредуваат видовите на настани кои можат да се организираат преку мрежата на Слоу Фуд Македонија, логистичко - техничките прашања и правилата за организација и реализација на настаните.

Во рамките на овој правилник се дефинираат и користат следните поими:

Настан претставува специфичен ритуал, перформанс или прослава кој е свесно планиран и кој има за цел да одбележи некоја пригода и/или да постигне одредена научна, социјална, културна или организациска цел и задача.

Организатор на настан е правно лице, иницијатива на граѓани или физичко лице кое е дел од Слоу Фуд Македонија, и организира односно е задолжено да организира настан или делови од истиот, преку плански и добро спров999едени активности за остварување на некоја замисла или акција, а со цел промовирање на принципите, визијата и

Конвивиум е локален огранок, членка на Слоу Фуд Македонија кој може да биде здружение т.е. правно лице или неформална иницијатива од група на граѓани, која е регистрирана како таква во интерниот регистар на Слоу Фуд Македонија.

Конвивиумите (con vivere = да се живее заедно) се локални ограноци на Слоу Фуд кон кои пристапуваат членовите на Слоу Фуд, автономни групи кои претставуваат градивни клетки на мрежата на организацијата. Поттикнати како грасрут иницијативи, членовите играат директна и активна улога во заедницата, заживувајќи ја во пракса филозофијата на Слоу Фуд на локално ниво и помагајќи ја промената на глобалниот систем на храна, истовремено станувајќи дел од меѓународната мрежа на истомисленици.

Заедници на Слоу Фуд се сите останати здружувања на Слоу Фуд по различни основи, најчесто тематски, кои не формираат конвивиум но се активни во некоја од тематските целини на организацијата. Заедници на Слоу Фуд во Македонија се Алијансата на готвачи, Президиумите, тимот за едукација - Училишни градини, Слоу Фуд млади, Слоу Вино (Slow Wine) итн.

Заедници на храна - групи на мали производители, обединети околу одржливото производство на одреден квалитетен производ кој е тесно поврзани со географската област. Терминот е воведен од Слоу Фуд во 2004 година на првиот настан на Тера Мадре и истиот ја одразува новата идеја за локална економија базирана на земјоделството, храната, традицијата и културата.

Претседател во овој правилник ги подразбира следните лица: 1) претседателот на Националниот одбор на Слоу Фуд Македонија или 2) претседател односно лидер на конвивиум или локална заедница.

Извршно тело во овој правилник ги подразбира следните: 1) Националниот одбор на Слоу Фуд Македонија или 2) Управен Одбор на Конвивиум (Здружение) или 3) иницијативно тело од Слоу Фуд заедницата.

СПЕЦИФИЧНИ ОДРЕДБИ

Член 2

Организатор

Организатор на настан може да биде Националната организација „Слоу Фуд Македонија“, било кој конвивиум или некоја од заедниците на Слоу Фуд Македонија.

За планирањето и одржувањето на сите настани во самостојна организација на организаторот на настани, претседателот и членовите на извршното тело избираат тим (одговорни лица) за планирање и одржување на планираниот настан.

Член 4

Партнерства

Организаторот на настан дефиниран со овој правилник може да склучи партнерство за организирање на настан со други граѓански организации и институции кои се борат за иста или сродна цел и имаат иста или слична визија и мисија со Слоу фуд.

Партнерства може да се склучат и со други тела како што се општини, министерства, локални совети, образовни институции и слично.

Во случај на партнерства со приватни компании, истите треба да ги исполнуваат условите од Правилникот за прибирање фондови.

За планирање и одржување на заеднички настани на организаторот со друга организација, претседателот избира тим од 2-3 активни членови кои ќе учествуваат во процесот на планирање и одржување на иницираниот настан.

Член 5

Елементи на настан

При организација и реализација на настаните, организаторот треба прецизно да ги дефинира елементите на настанот:

1. Која е целта на настанот - концепт, наслов, тема,
2. Одговорно лице и тим за настанот,
3. Дали настанот се организира во соработка со друг партнер,
4. Доколку има соработка точно да се дефинираат улогите на партнерите,
5. Кои активности ќе се спроведуваат и кој ќе ги спроведува,
6. Локација, датум и време на спроведување на настанот,
7. Целни групи или публика за кои е наменет настанот,
8. План за медиумска покриеност,
9. План за користење на логото на СФ во согласност со Правилникот за користење на Слоу Фуд лого.

Член 6

Категории на настани

Настаните во организација на организаторите дефинирани со овој правилник можат да имаат промотивен, специјализиран, културно – забавен, медиумски и/или продажен карактер. Без разлика на карактерот на настанот, секој треба да се придржува до принципите, визијата и мисијата на Слоу Фуд. Настаните според содржината може да бидат:

1. **Институционални настани** – кои се однесуваат на организацијата како тело и нејзината структура и административна работа – во форма на презентации, работилници, состаноци
2. **Промотивни настани** – активности за промоција на визијата и мисијата на организацијата или работата на нејзините членови
3. **Презентативни настани** - презентации на производи преку салони, саеми, пазари на фармери
4. **Продажни настани** – дегустација и продажба на производи
5. **Едукативни настани** – едукација на членовите или стручната и општата јавност: Едукација за вкусови преку мастер класови, работилници за вкус, обуки за одредени производи; Едукација на тематски целини преку конференции, дебати, семинари, трибини, детски катчиња.
6. **Дегустативни настани** - дегустации на производи преку тематски вечери, посета на производи и локации за производство, сензорни анализи
7. **Акции** - за одбележување на датуми од значење за мисијата и визијата на здружението и
8. Настани кои се комбинација од сите горенаведени.

Настаните во зависност од регионот или областа која ја опфаќаат може да бидат:

1. **Локални настани** – каде учесниците на настанот се од една географска локација
2. **Регионални настани** - каде учесниците на настанот се од еден географски регион
3. **Национални настани** - каде учесниците на настанот се од цела држава
4. **Интернационални настани** - каде учесниците на настанот се од повеќе држави

УЧЕСТВО НА ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ НАСТАНИ

Член 7

Организирање на делегација за интернационален настан по покана

За учество и претставување на Слоу Фуд Македонија на интернационален настан организиран од Слоу Фуд Интернационал или од друг организатор, како одговор на пратена покана каде трошоците се делумно или целосно покриени, постапката за организирање на делегација ја започнува Националниот одбор.

Член 8

Избор на делегати за претставување на интернационален настан по покана

Во случај на формирање на делегација за интернационален настан која брои повеќе од 10 лица, Националниот одбор на Слоу Фуд Македонија избира делегати кои се од суштинско значење за делегацијата, односно избира конкретни лица за следните профили на делегати:

1. Координатор или водач кој ја претставува делегацијата
2. Член на националниот одбор или вработен во извршната канцеларија на СФМК - за логистичка поддршка на делегацијата
3. Претставник од државна институција
4. Новинар за известување од настанот во име на Слоу Фуд Македонија
5. Експерт за одредена област доколку треба да се учествува со предавање или презентација
6. Готвач со специфични вештини и знаења во однос на темата која треба да се презентира на настанот
7. Производител на специфичен производ кој треба да се презентира на настанот

Останатите делегати во делегацијата се предлагаат од страна на конвивиумите и заедниците на Слоу Фуд, при што секој конвивиум или заедница доставува листа на делегати до Националниот одбор. Националниот одбор ја комплетира конечната листа на делегати.

Листата на делегати која ја доставува конвивиумот или заедницата до Националниот одбор освен имиња на делегатите треба да содржи и причина за избор на делегатот. Предност во листата имаат:

1. Членови кои не учествувале на ваков вид на настан
2. Членови кои активно се вклучуваат во активностите кои ги организира конвивиумот, некоја од заедниците или Слоу Фуд Македонија

Во случај на формирање на делегација за интернационален настан која брои 5 лица или помалку од 5, Националниот одбор избира 1 претставник од Националниот одбор и/или претставник од извршната канцеларија на Слоу Фуд Македонија, 1 новинар и 3 или повеќе производители или претставници на Слоу Фуд Македонија, предложени од конвивиумите или заедниците.

Изборот на делегати од страна на Националниот одбор се води според рамномерна распределеност по конвивиуми и СФ заедници.

Член 9

Претставување на интернационални настани по иницијатива

Кога за учество на интернационален настан постои иницијатива од дел од членството или најмалку 5 производители кои веќе се членови на Слоу Фуд, истата се доставува до Националниот одбор. Истата ќе биде разгледана од Националниот одбор и доколку карактерот на настанот и презентацијата на самиот настан се прифатливи според принципите на Слоу Фуд, Националниот одбор ќе ја одобри иницијативата.

Доколку Националниот совет смета дека е добро организацијата да се претстави на некој интернационален настан, доставува иницијатива до Националниот одбор. Истата ќе биде разгледана од Националниот одбор и доколку карактерот на настанот и презентацијата на самиот настан се прифатливи според принципите на Слоу Фуд, Националниот одбор ќе ја одобри иницијативата.

Националниот одбор може да покрене иницијатива за учество на интернационален настан доколку смета дека тоа би било добро за организацијата.

Националниот одбор одлучува за видот поддршка на иницијативата од страна на Слоу Фуд Македонија.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНИ, РЕГИОНАЛНИ И ЛОКАЛНИ НАСТАНИ

Член 10

Национални настани за презентација, дегустација и продажба

Национални настани може да организира Националната организација Слоу Фуд Македонија. Конвивиумите и СФ заедниците може да се вклучат во организацијата и реализацијата на настанот.

Барањата, критериумите и правилата за учество на настанот ги дефинира Националниот одбор на Слоу Фуд Македонија, за секој настан поединечно и ги објавува со поканата за настанот.

Право на учество имаат сите кои ги исполнуваат барањата, критериумите и правилата за настанот, при што предност имаат конвивиуми и заедници на Слоу Фуд Македонија, а на крај останати кои не се членови, но ги почитуваат принципите на Слоу фуд.

Член 11

Локални и регионални настани за презентација, дегустација и продажба

Секој конвивиум или заедница на Слоу Фуд Македонија има право и одговорност самостојно да планира и организира локални и регионални настани кои придонесуваат за промоција на движењето и заштита на локалната гастрономска култура.

Со цел одржување на динамиката и ангажираноста на членството, секој конвивиум се обврзува на следнава минимална активност во текот на една календарска година:

- Организација на редовно годишно собрание на локалното членство за преглед на работата;
- Реализација на најмалку 2 (два) дополнителни настани наменети за своите членови и локалната заедница.

Конвивиумите имаат целосна слобода во изборот на типот и обемот на овие два дополнителни настани, во зависност од нивните капацитети и локалните потреби.

Конвивиумот е должен да го извести Националниот одбор за планираните активности со цел обезбедување усогласеност со минималните барања.

Право на учество на локалните настани имаат сите членови кои ги исполнуваат барањата, критериумите и правилата за настанот кои ги дефинира и објавува организаторот за секој настан поединечно.

Поканите и пријавувањето на сите потенцијални учесници се врши исклучиво во координација на Конвивиум лидерот.

Предност за учество на настанот имаат членовите со деловно членство на организаторот конвивиум или заедница, а потоа останатите членови на организаторот.

Доколку локалниот настан е достапен за учество на членови и од други конвивиуми, треба да се овозможат исти услови за учество во однос на цена за простор, достапност на опрема и сл.

Доколку организаторот одлучи може да покани гости учесници на настанот тие мора да ги почитуваат принципите на Слоу Фуд и да ги исполнуваат барањата, критериумите и правилата за настанот

Кога настанот се организира во партнерство, и партнерот е организатор на настанот, партнерот има право да покани свои учесници во сооднос кои.

Член 12

Гостување на настани организирани од друг организатор

При учество на настани организирани од друг организатор, односно при учество како гости и/или изложувачи, пријавените ентитети (физички лица, конвивиуми и заедници на Слоу Фуд) треба да го известат локалниот лидер. Во текот на самото учество треба да внимаваат:

1. Правилно да ги изнесуваат ставовите и одликите на Слоу Фуд движењето (согласно Правилникот за користење на лого на Слоу Фуд)
2. Да ги почитуваат правилата од член 14 и член 15 за репрезентативно претставување.

ПРАВИЛА ЗА УЧЕСТВО НА НАСТАНИ

Член 13

Општи правила

Сите учесници на настаните, независно од категоријата на настанот, мора да ги почитуваат следните правила:

1. Учесникот на настанот (презентер, едукатор, производител и сл.) треба да биде член на Слоу Фуд.
2. Користење на храна и пијалоци од индустриски брендови е строго забрането.
3. Користење на производи и предмети кои не припаѓаат на имиџот на настанот треба да бидат одобрени од организаторот.
4. Доколку на настанот се поканат гости – тие треба да ги почитуваат правилото број 2 и 3.

Член 14

Правила за производители

На настаните може да учествуваат производители кои ги исполнуваат следните правила:

1. Производите кои се носат на настан се произведени според занаетчиски, традиционални и органски принципи и методи – почитување на Слоу фуд принципите;
2. Производителите кои учествуваат на настанот се мали семејни производства или оператори со храна од мал обем;
3. Производителот ја гарантира здравствената исправност и безбедност на производите;
4. Производите се минимално пакувани со еколошки материјали за пакување како стакло, хартија, картон, органска ткаенина – пластика не е препорачлива и максимално да се избегнува.
5. Производите треба да се соодветно означени и да ги содржат минималните информации: име на производ, производител, место на производство, контакт, состав, рок на употреба и сл;
6. Строго е забрането производите да се рекламираат, означуваат или дефинираат како лековити или како средства за лечење на болести, согласно Законот за безбедност на храна и подзаконските акти на Агенцијата за храна и ветеринарство. Прекршувањето на оваа одредба повлекува итна девалидација на излагачот од настанот.
7. Секој излагач е обврзан на видливо место на штандот да истакне јасен и читлив ценовник за сите расположливи производи, при што цените мора да бидат изразени во денари, а означувањето мора да биде недвосмислено за да не го доведе во заблуда потрошувачот (според Законот за заштита на потрошувачите).
8. Учесниците имаат обврска за бидат присутни на својот штанд за цело времетраење на настанот и до крајот на настанот.

9. Доколку количината која е донесена за продавање е скоро цела распродадена, за да не биде штандот празен до крајот на настанот, да се предвиди мала количина за од производот за дегустација со цел посетителите да се запознаат со производот и да има можност да купат или да нарачаат од производот после настанот.
10. Излагачите се обврзани да ги одржуваат штандовите во репрезентативна состојба до крајот на настанот. Во случај на целосна распродажба, задолжително се обезбедуваат примероци само за изложување и промотивни материјали кои ќе овозможат запознавање со производот и негово идно нарачување, без оглед на моменталната достапност за продажба.

Член 15

Правила за производители на храна

Производителите учесници на Слоу Фуд настан, доколку продаваат прехранбени производи се должни да бидат регистрирани во Агенцијата за храна и ветеринарство и да ги почитуваат сите национални законски одредби за безбедност на храна кои произлегуваат од Законот за безбедност на храна.

Сите потенцијални изложувачи на настаните, при процесот на пријавување мораат да потпишат изјава дека се запознаени со содржината на овој правилник и законската регулатива. (Анекс 1)

ОПРЕМА ЗА НАСТАНИ

Член 16

Набавка и обновување на опрема

Националната организација Слоу Фуд Македонија набавува опрема која ќе се користи на сите Слоу Фуд настани.

Опремата за користење се амортизира и следствено истата ќе се обновува и дополнува по одлука на Националниот совет на годишно ниво според планирањата и достапните средства.

Опремата и нејзината амортизираност се попишува еднаш годишно на 31 декември секоја година, поткрепено со амортизационен план од сметководство.

Каква опрема ќе се набави зависи од потребите и видот на настани кои ќе се организираат и буџетот кој ќе биде овозможен за таа намена. Планот за набавка со видот на опремата и буџетот за набавка на опрема го определува Националниот совет со одлука.

Собраните средства од издавање на опремата ќе се реинвестираат во набавка на нова или поправка на постојната опрема, обезбедување на услови за нејзино чување или доколку на друг начин одлучи Националниот Совет.

Член 17

Чување и складирање на опрема

Националната организација Слоу Фуд Македонија е задолжена за чување и складирање на опремата. Опремата ќе се складира и чува во Битола.

Член 18

Изнајмување и користење на опрема од страна на конвивиумите

Право на изнајмување и користење на опремата имаат сите конвивиуми кои членуваат во Слоу Фуд Македонија.

Конвивиумите кои финансиски учествуваат при набавка на опрема не плаќаат за користење на истата, без разлика на тоа колку пати ќе ја бараат на користење односно колку настани ќе организираат.

Конвивиумите кои финансиски не учествуваат при набавка на опрема плаќаат за изнајмување на опремата по настан спрема ценовник (Анекс 2).

Конвивиумите кои не се финансиски вклучени во набавка на опрема, кога изнајмуваат опрема, предност даваат на опремата која ја има СФМК.

Во исклучителни случаи, конвивиумите кои финансиски не учествуваат при набавка на опрема, може да достават барање за бесплатно користење на опремата, кое може да се одобри со одлука на Националниот совет.

Доколку не се користи опремата од СФМК, туку се изнајми или се добие опрема на користење без надокнада, да се внимава да не е тоа брендирана опрема која е во спротивност со Правилникот за прибирање на фондови.

Член 19

Изнајмување и користење на опрема од заедниците

Право на изнајмување и користење на опремата имаат сите заедници на Слоу Фуд Македонија.

Заедниците кои имаат потреба од користење на опремата, треба да достават барање за користење до Националниот Совет.

Член 20

Превоз на опрема

Трошокот за пренесување (превоз) на опремата и лица за монтажа паѓа на товар на конвивиумот кој ја изнајмува опремата.

Член 21

Губење на опрема

Во случај на губење на опремата, конвивиумот или заедницата која ја изгубила е задолжена да набави иста таква опрема, најбрзо што може и најкасно еден месец по востановување на губењето.

ЗАКУП НА ПРОСТОР НА НАСТАН

Член 22

Закупот на простор на Слоу Фуд настани е следен:

1. Национални настани - задолжителен закуп на простор за изложувачите
2. Локални и регионални настани - закуп се плаќа само доколку така одлучи организаторот.

Цената за закуп на простор на национален настан ја пресметува Националниот одбор, при што членовите на Слоу Фуд имаат попуст. Полна цена за закуп на простор на настан плаќаат останатите учесници на настанот кои не се членови на Слоу Фуд.

Цената за закуп на простор на настан за локални и регионални настани зависи од одлуката на организаторот, при што членовите на Слоу Фуд имаат попуст. Полна цена за закуп на простор на настан плаќаат останатите учесници на настанот кои не се членови на Слоу Фуд. Организаторот на локален или регионален настан може да одлучи дека не треба да се плаќа закуп.

Попустот за закуп на простор за сите настани (национални, локални, регионални), кој се добива со членување во Слоу Фуд е следен:

1. Членовите со деловно членство имаат 40-60% од востановената цена.
2. Членовите со семејно и индивидуално членство имаат 10% попуст од востановената цена.
3. Сите членови со дозвола од организаторот, може да закупат до два штанда. Цената на закуп за вториот штанд за деловни членови е со попуст кој го определува организаторот.

Останати учесници на настанот кои не се членови на Слоу Фуд плаќаат регуларна востановена цена за закуп на штанд.

Гости учесници на настанот може да имаат поволности при закуп и користење на штанд доколку така одлучи организаторот.

ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

Член 23

Извори на финансирање на настаните може да бидат:

1. Проекти и донации
2. Спонзорства
3. Продажба на простор на настан
4. Продажба на влезници
5. Комерцијални активности за време на настаните

УЧЕСТВО НА ПОДДРЖУВАЧИ

Член 24

На настаните може да учествуваат и подржувачи - пријатели, партнери и спонзори, доколку нивната правна активност е во согласност со принципите на Слоу фуд. Во оваа категорија спаѓаат правни лица кои ги исполнуваат критериумите во Правилникот за прибирање на фондови.

Настаните се финансираат и реализираат во соработка со субјекти чија дејност е во целосна согласност со принципите на Слоу фуд и критериумите кои се детално утврдени во Правилникот за прибирање фондови.

КАЛЕНДАР НА НАСТАНИ

Член 25

Календарот на настани е важен при организирањето на настаните со цел тие да не се преклопуваат за да може опремата да се користи на било кој настан организиран во Слоу Фуд.

Календарот на настани на СФМК се подготвува од декември претходна година до јануари во тековна година. Календарот треба да е одобрен најдоцна во месец февруари во календарската година од страна на Националниот совет.

Сите конвивиуми или заедници на Слоу фуд се должни да пријават во СФМК кои настани планираат да ги организираат или на кои настани планираат да учествуваат, со цел истите да се вметнат во календарот на настани на СФМК.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 26

Толкување на одредбите од Правилникот може да прави Националниот совет на Слоу Фуд Македонија. Измените и дополнувањето на Правилникот се донесуваат од страна на Националниот совет на Слоу Фуд Македонија по предлог на претседател на здружението/лидер на конвивиумот, поткрепен со записник од Собрание на членови на конвивиумот. Измени и дополнувања може да се прават и на предлог на Националниот одбор.

издание: 02

Донесено на ден:10.05.2026

АНЕКС 1

ИЗЈАВА

за учество на настан
од производител на храна

Јас долупотпишаниот/та (Име и презиме): _____

ЕМБГ (Единствен матичен број на граѓанинот): | | | | | | | | | | | | | |

Адреса на живеење (според лична карта): _____

под полна материјална и кривична одговорност изјавувам дека сум целосно запознаен/а со законските прописи од областа на безбедноста на храна и други законски прописи во РС Македонија кои се однесуваат на храна.

Дата:
Место:

Изјавил
(потпис)

_____

АНЕКС 2

ЦЕНОВНИК ЗА ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ОПРЕМА ЗА НАСТАН

Вид на опрема	Конвивиуми и заедници кои **имаат** дадено финансиско учество Цена во денари	Конвивиуми и заедници кои **немаат** дадено финансиско учество Цена во денари
1 (една) Пластична маса на расклоп	0	500
1 (една) Дрвена маса		750
1 (една) Дрвена маса со клупа	0	1000
1 (еден) Шатор тенда	0	700

Цените за изнајмување на опрема важат за еднодневен настан.

Доколку настанот трае два или повеќе дена, цената за изнајмување за вториот и третиот ден е 50% од цената определена за еден ден.